**Отворен Инвестициски Фонд**
**ИНОВО СТАТУС БАЛАНСИРАН**

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
# И
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА
# ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА
# 31 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

**Скопје, март 2026**

**СОДРЖИНА** Страна

**Извештај на независниот ревизор** 1-5

**Финансиски извештаи**

- Биланс на состојба или Извештај за нето имотот на Фондот 6
- Биланс на успех или Извештај за добивки и загуби на Фондот 7
- Извештај за промени во нето имотот на Фондот 8
- Извештај за парични текови на Фондот 9
- Белешки кон финансиските извештаи 10
  - Основни податоци
  - Основа за составување на финансиски извештаи
  - Основни сметководствени политики и проценки
  - Финансиски показатели по удели на Фондот
  - Структура на вложувања на Фондот
  - Структура на обврските на Фондот по видови инструменти
  - Реализирани добивки (загуби) на Фондот
  - Нереализирани добивки (загуби) на Фондот
  - Трансакции на Фондот со поврзани субјекти
  - Приходи и расходи со поврзани субјекти
  - Трансакции по овластени лица на Фондот
  - Трошоци наплатени на товар на инвестицискиот Фонд
  - Преглед на движење на вредноста на имотот на Фондот
  - Споредбен преглед на работењето на Фондот

## ОИФ ИНОВО СТАТУС БАЛАНСИРАН

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
## ДО ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТВОРЕНИ И ЗАТВОРЕНИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ ИНОВО СТАТУС АД СКОПЈЕ

### Извештај за ревизијата на финансиските извештаи

*Мислење*

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Отворениот Инвестициски Фонд ИНОВО СТАТУС БАЛАНСИРАН (Фондот), кои го вклучуваат Извештајот за нето имотот на Фондот заклучно со 31 декември 2025 година, како и Извештајот за добивките и загубите и Извештајот за промени во нето имотот на Фондот за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, состојбата со нето имотот на Отворениот Инвестициски Фонд ИНОВО СТАТУС БАЛАНСИРАН заклучно со 31 декември 2025 година, како и неговата финансиска успешност за годината која што завршува тогаш во согласност со одредбите на Законот за инвестициски фондови и Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка.

*Основа за мислење*

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија (МСР). Нашите одговорности според тие стандарди се понатаму опишани во делот „Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи“ од овој извештај. Ние сме независни од Друштвото во согласност со Меѓународниот кодекс на етика за професионални сметководители (вклучувајќи ги Меѓународните стандарди за независност) на Одборот за меѓународни стандарди за етика на сметководители (ОМСЕС / IESBA) кој е во примена во Република Северна Македонија, како што е применливо за ревизии на финансиски извештаи на ентитети од јавен интерес, и ги исполнивме и нашите други етички одговорности во согласност со Кодексот на ОМСЕС / IESBA.

Веруваме дека ревизорските докази што ги прибавивме се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

**ОИФ ИНОВО СТАТУС БАЛАНСИРАН**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТВОРЕНИ**
**И ЗАТВОРЕНИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ**
**ИНОВО СТАТУС АД СКОПЈЕ**

*Клучни ревизорски прашања*

Клучни ревизорски прашања се оние прашања кои, според нашето професионално расудување, беа од најголема значајност во нашата ревизија на финансиските извештаи за тековниот период. Овие прашања беа разгледани во контекст на нашата ревизија на финансиските извештаи како целина и при формирање на нашето мислење за нив и ние не обезбедуваме посебно мислење за овие прашања.

| Клучно ревизорско прашање | Како нашата ревизија го адресираше клучното ревизорско прашање |
|---|---|
| **Вреднување на финансиски инструменти и пресметка на нето вредност на средствата (NAV)** | **Нашите постапки вклучуваа, меѓу другото:** |
| Средствата на Фондот главно се состојат од финансиски инструменти кои се мерат по објективна вредност. Одредувањето на објективната вредност, особено за инструменти за кои не постои активен пазар, вклучува користење на модели и значајни проценки од страна на раководството. Вреднувањето на овие инструменти директно влијае врз пресметката на нето вредноста на средствата (NAV), која претставува основа за утврдување на вредноста на уделите и е од суштинско значење за инвеститорите.<br><br>Поради значајноста на износите и нивото на расудување вклучено во процесот, ова прашање беше од најголема значајност во нашата ревизија. | • Оценка на методологиите за вреднување на финансиските инструменти<br>• Тестирање на влезните податоци и модели за вреднување<br>• Раководството е одговорно за другите информации.<br>• Нашето мислење за финансиските извештаи не ги опфаќа другите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив.<br>• Раководството потврди дека не постојат други информации освен финансиските извештаи кои се предмет на ова ревизорско мислење. Согласно тоа, нашата одговорност во однос на другите информации не е применлива.<br>• Проверка на точноста и комплетноста на податоците вклучени во нето вредноста на средствата<br>• Оценка на обелоденувањата поврзани со вреднувањето и нето вредноста на средствата |

*Други информации*

Раководството е одговорно за другите информации.

Нашето мислење за финансиските извештаи не ги покрива другите информации и, соодветно, не изразуваме каква било форма на уверување во однос на нив. Раководството потврди дека не постојат други информации освен финансиските извештаи кои се предмет на ова ревизорско мислење. Согласно тоа, нашата одговорност во однос на другите информации не е применлива.

*Одговорности на раководството и оние кои се задолжени за управувањето за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготовка и објективна презентација на финансиските извештаи во согласност со одредбите на Законот за инвестициски фондови и Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

При подготовката на финансиските извештаи, раководството е одговорно да ја процени способноста на Друштвото да продолжи да работи врз претпоставката за континуитет, да обелодени, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и да ја користи основата на континуитет, освен ако раководството има намера да ја ликвидира Друштвото или да го прекине работењето, или ако нема реална алтернатива освен тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надзор над процесот на финансиско известување на Друштвото.

*Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи*

Нашите цели се да добиеме разумно уверување дали финансиските извештаи, како целина, се ослободени од материјални погрешни прикажувања, без разлика дали е поради измама или грешка, и да издадеме ревизорски извештај кој го вклучува нашето мислење. Разумното уверување претставува високо ниво на уверување, но не е гаранција дека ревизија спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога такво постои. Погрешните прикажувања може да произлезат од измама или грешка и се сметаат за материјални ако, поединечно или во агрегат, би можеле разумно да се очекува да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата согласно МСР, ние применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Идентификуваме и проценуваме ризици од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е поради измама или грешка; дизајнираме и спроведуваме ревизорски постапки како одговор на тие ризици и прибавуваме доволни и соодветни ревизорски докази како основа за нашето мислење. Ризикот да не се открие материјално погрешно прикажување што произлегува од измама е повисок од оној што произлегува од грешка, бидејќи измамата може да вклучува заговор, фалсификат, намерни грешки, погрешни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.

- Прибавуваме разбирање за внатрешната контрола релевантна за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски постапки кои се соодветни во дадените околности, но не со цел да изразиме мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото.

- Вршиме оценка за соодветноста на применетите сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и релевантните обелоденувања што ги направило раководството.

- Врз основа на прибавените ревизорски докази носиме заклучок за соодветноста на употребата на основата на континуитет од страна на раководството, дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или околности кои можат да предизвикаат значаен сомнеж во способноста на Друштвото да продолжи со работење врз основа на претпоставката за континуитет. Ако заклучиме дека постои материјална неизвесност, должни сме да го привлечеме вниманието во нашиот

ревизорски извештај кон релевантните обелоденувања во финансиските извештаи или, доколку таквите обелоденувања се неадекватни, да го модифицираме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашиот ревизорски извештај; меѓутоа, идни настани или околности можат да доведат до тоа Друштвото да не може да продолжи со континуитет.

- Вршиме оценка на вкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата, и дали тие ги претставуваат основните трансакции и настани на начин што постигнува објективна презентација.

Комуницираме со оние кои се задолжени за управувањето за, меѓу другото, планираниот делокруг и временскиот распоред на ревизијата и значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги и значајните недостатоци во внатрешната контрола што ги идентификуваме за време на ревизијата.

Исто така, им доставуваме на оние кои се задолжени за управувањето изјава дека се придржуваме до релевантните етички барања во однос на независноста и им ги комуницираме сите односи и други прашања кои би можеле разумно да се сметаат дека влијаат на нашата независност, и, каде што е применливо, дејствијата преземени за елиминирање на заканите или применетите заштитни мерки.

Од прашањата кои беа комуницирани со оние кои се задолжени за управувањето, ги утврдуваме оние кои беа од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и, соодветно, се клучни ревизорски прашања. Овие прашања ги опишуваме во нашиот ревизорски извештај, освен кога закон или регулатива го забранува јавното обелоденување на прашањето или кога, во исклучително ретки околности, заклучуваме дека прашањето не треба да биде комуницирано во нашиот извештај, бидејќи би било разумно да се очекува дека негативните последици од таквото комуницирање би ги надминале придобивките за јавниот интерес.

Скопје, 24 март 2026 година

| **Овластен ревизор** | **Управител** |
|---|---|
| Костадинка Китаноска | Антонио Велјанов |

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје

### *БИЛАНС НА СОСТОЈБА ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕТО ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД НА ДЕН 31.12.2025*

*Отворен инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС БАЛАНСИРАН*

| Ознака на позицијата | Позиција | Претходна год. (2024) | Тековна год. (2025) |
|---|---|---|---|
| | | **Во МКД** | **Во МКД** |
| | **ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | | |
| 1 | Пари и парични еквиваленти | 8.418.432 | 11.110.530 |
| 2 | Вложувања во хартии од вредност и депозити: | **70.568.713** | **28.953.174** |
| 2а | финансиски средства кои се чуваат за тргување | 70.568.713 | 28.953.174 |
| 2б | финансиски средства расположиви за продажба | - | - |
| 2в | заеми и побарувања | - | - |
| 2г | вложувања кои се чуваат до доспевање | - | - |
| | **ОСТАНАТИ СРЕДСТВА** | | |
| 3 | Побарувања од продажба на хартии од вредност и други побарувања | - | - |
| 4 | Побарувања за дивиденди и отплати на обврзници | - | 89.680 |
| 5 | Побарувања за дадени аванси | - | - |
| 6 | Побарувања од друштвото за управување со фондови | - | - |
| 7 | Побарувања од депозитарна банка | - | - |
| 8 | Останати побарувања на фондот | - | - |
| 9 | Побарувања за камати | - | - |
| **А. ( С од 1 до 10 )** | **Вкупно средства** | **78.987.145** | **40.153.384** |
| | **ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ** | | |
| 10 | Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност и други обврски | - | - |
| 11 | Обврски по основ на вложувања во пласмани, депозити | - | - |
| | **ОСТАНАТИ ОБВРСКИ** | - | |
| 12 | Обврски спрема друштвото за управување со фондови | 163.684 | 101.468 |
| 13 | Обврски спрема депозитарна банка | 22.853 | 14.205 |
| 14 | Обврски за трошоци на фондот | - | - |
| 15 | Обврски по основа исплата на уделничарите | - | - |
| 16 | Останати обврски | 7.811 | 4.865 |
| 17 | Обврски за пресметана камата | - | - |
| **Б. ( С од 11 до 18 )** | **Вкупни краткорочни обврски** | **194.348** | **120.537** |
| **В. ( А - Б )** | **Нето имот на фондот** | **78.792.797** | **40.032.847** |
| **Г.** | **Број на издадени удели** | **1.758.799,4961** | **902.607,5480** |
| **Д. ( В / Г )** | **Нето имот по удел** | **44,7992** | **44,3524** |
| 18 | Издадени удели во Инвестиционот фонд | 51.644.873 | 51.634.522 |
| 19 | Повлечени удели во Инвестиционот фонд | (46.351) | (38.553.013) |
| 20 | Добивка/Загуба за тековната финансиска година | 12.880.802 | (242.937) |
| 21 | Задржана добивка/загуба од претходните години | 14.313.473 | 27.194.275 |
| 22 | Ревалоризација на вложувања расположливи за продажба | - | - |
| 23 | Ревалоризациони резерви | - | - |
| **Ѓ. ( С од 18 до 23 )** | **Вкупни обврски спрема изворите на средства** | **78.792.797** | **40.032.847** |

Скопје, март 2026 година

**Главен Извршен Директор**
**Мира Стефановска Зографска**

ИНОВО СТАТУС АД Скопје

***БИЛАНС НА УСПЕХ ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКАТА ИЛИ ЗАГУБАТА НА ФОНДОТ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2025 - 31.12.2025***

***Отворен инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС БАЛАНСИРАН***

| Ознака на позицијата | Позиција | Образложение | Претход. период (2024) | Тековен период (2025) |
|---|---|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | | | |
| 1 | Реализирани добивки од продажба на финансиски инструменти | | 250.087 | 1.907.781 |
| 2 | Приходи од камата и амортизација на премија (дисконт) на вложувања со фиксно доспевање | | 1.293.352 | 823.373 |
| 3 | Позитивни курсни разлики | | 1.408 | 26.708 |
| 4 | Приходи од дивиденди | | 1.173.115 | 1.667.812 |
| 5 | Останати приходи | | - | - |
| **А. ( С од 1 до 5** | **Вкупно приходи од вложувања** | | **2.717.962** | **4.425.674** |
| | **РАСХОДИ** | | | |
| 6 | Реализирани загуби од продажба на финансиски инструменти | | (1.154.508) | (1.364.700) |
| 7 | Негативни курсни разлики | | (53.450) | (186.965) |
| 8 | Расходи од односи со друштвото за управување со фондови | | (1.800.645) | (1.810.244) |
| 9 | Расходи од камата | | - | - |
| 10 | Надоместоци на депозитарната банка | | (251.007) | (253.431) |
| 11 | Трансакциски трошоци | | (369.711) | (356.606) |
| 12 | Намалување на средствата | | - | - |
| 13 | Останати дозволени трошоци на фондот | | (165.718) | (178.563) |
| **Б. ( С од 6 до 1** | **Вкупно расходи** | | **(3.795.039)** | **(4.150.509)** |
| **В. ( А - Б )** | **Нето добивка (загуба) од вложувања во хартии од вредност** | | **(1.077.077)** | **275.165** |
| | НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ (ЗАГУБИ) ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ДЕРИВАТИВНИ ИНСТРУМЕНТИ | | | |
| д1 | Нереализирани добивки (загуби) на вложувања во финансиски инструменти | | 13.957.879 | (518.102) |
| д2 | Нереализирани добивки (загуби) од деривативни инструменти | | - | - |
| д3 | Нето курсни разлики од вложувања во хартии од вредност | | - | - |
| **Г. ( С од д1 до д3** | **Вкупно нереализирани добивки (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти** | | **13.957.879** | **(518.102)** |
| **Д. ( В + Г )** | **Нето зголемувања (намалувања) на нето имотот од работење на фондот** | | **12.880.802** | **(242.937)** |

***ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА НЕТО ИМОТОТ НА ФОНДОТ ВО ПЕРИОДОТ 01.01.2025 - 31.12.2025***

***Отворен инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС БАЛАНСИРАН***

| Ознака на позицијата | Позиција | Претход. период (2024) | Тековен период (2025) |
|---|---|---|---|
| | **ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) НА НЕТО ИМОТОТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ФОНДОТ** | | |
| 1 | Нето добивка (загуба) од вложувања во хартии од вредност | (1.077.077) | 275.165 |
| 2 | Вкупно нереализирани добивки (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти | 13.957.879 | (518.102) |
| **А. ( С од 1 до 2 )** | **Зголемување (намалување) на нето имотот од работење на фондот** | **12.880.802** | **(242.937)** |
| | | | |
| 3 | Приливи од продажба на издадени удели на фондот | 42.000 | 36.000 |
| 4 | Одливи од повлекување на издадени удели на фондот | (46.351) | (38.553.013) |
| **Б. ( С од 3 до 4 )** | **Вкупно зголемување (намалување) од трансакции со уделите на фондот** | **(4.351)** | **(38.517.013)** |
| | | | |
| **Ц. ( А + Б )** | **Вкупно зголемување (намалување) на нето имотот** | **12.876.451** | **(38.759.950)** |
| | | | |
| | **НЕТО ИМОТ** | | |
| 5 | На почетокот на периодот | 65.916.346 | 78.792.797 |
| **Д. ( 5 + Ц )** | На крајот на периодот | 78.792.797 | 40.032.847 |
| | | | |
| | **БРОЈ НА ИЗДАДЕНИ И ПОВЛЕЧЕНИ УДЕЛИ НА ФОНДОТ** | | |
| 6 | Издадени удели на фондот во текот на периодот | 968,6669 | 795,9605 |
| 7 | Повлечени удели на фондот во периодот | (1.110,5378) | (856.987,9086) |
| **Е. ( С од 6 до 7)** | **БРОЈ НА УДЕЛИ НА ФОНДОТ** | **1.758.799,4961** | **902.607,5480** |

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2025 - 31.12.2025*

### *Отворен инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС БАЛАНСИРАН*

| Ознака на позицијата | Позиција | Образложение | Претход. период (2024) | Тековен период (2025) |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 1 | Нето добивка / (загуба) за периодот | | 12.880.802 | (242.937) |
| 2 | Нереализирани позитивни и негативни курсни разлики | | - | - |
| 3 | Исправка на вредноста на побарувањата и слични отписи | | - | - |
| 4 | Приходи од камата | | (1.293.352) | (823.373) |
| 5 | Расходи од камата | | - | - |
| 6 | Приходи од дивиденда | | (1.173.115) | (1.667.812) |
| 7 | Намалување на финансискиот имот | | - | - |
| 8 | Зголемување / (намалување) на вложувањата во преносливи хартии од вредност | | (11.673.737) | 41.615.539 |
| 9 | Зголемување / (намалување) на вложувањата во инструменти на пазарот на пари | | - | - |
| 10 | Зголемување / (намалување) на вложувањата во инвестициски фондови | | - | - |
| 11 | Зголемување / (намалување) на вложувањата во финансиски деривативни инструменти | | - | - |
| 12 | Приливи од камата | | 1.293.352 | 823.373 |
| 13 | Одливи од камата | | - | - |
| 14 | Приливи од дивиденда | | 1.173.115 | 1.667.812 |
| 15 | Зголемување / (намалување) на останатиот финансиски имот | | 2.771.639 | (89.680) |
| 16 | Зголемување / (намалување) на останатиот имот | | - | - |
| 17 | Зголемување / (намалување) на обврските по основ вложувања во финансиски инструме | | - | - |
| 18 | Зголемување / (намалување) на останатите финансиски обврски | | - | - |
| 19 | Зголемување / (намалување) на обврските спрема друштвото за управување и депозитар | | 27.022 | (70.865) |
| 20 | Зголемување / (намалување) на останатите обврски од редовно работење | | 1.105 | (2.946) |
| **21. (С од 1 до 20)** | **Паричен тек од редовно работење** | | **4.006.831** | **41.209.111** |
| | | | | |
| 22 | Приливи од издавање на удели | | 42.000 | 36.000 |
| 23 | Одливи од откуп на удели | | (46.351) | (38.553.013) |
| 24 | Исплата на имателите на удел од остварената добивка | | - | - |
| 25 | Останати приливи од финансиски активности | | - | - |
| 26 | Останати одливи од финансиски активности | | - | - |
| **27. (С од 22 до 26)** | **Паричен тек од финансиски активности** | | **(4.351)** | **(38.517.013)** |
| **28. (21 + 27)** | **Нето зголемување (намалување) на пари** | | **4.002.480** | **2.692.098** |
| **29** | **Пари на почеток на периодот** | | **4.415.952** | **8.418.432** |
| **30. (28 + 29)** | **Пари на крај на периодот** | | **8.418.432** | **11.110.530** |

## 1. Основни податоци

Отворениот Инвестициски Фонд ИНОВО СТАТУС БАЛАНСИРАН (во понатамошниот текст "Фондот") е основан и управуван од страна на друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје (Друштвото).

Друштвото има добиено Решение за основање на отворен инвестиционен фонд ИНОВО СТАТУС БАЛАНСИРАН од Комисијата за хартии од вредност (КХВ) на ден 31.10.2007 година.

Фондот е запишан во регистарот на отворени фондови на КХВ.

Согласно Решението на КХВ, одобрено е НЛБ банка АД Скопје да биде депозитарна банка на Фондот и со која е склучен Договор за вршење на работи на депозитарна банка.

Фондот е основан со цел прибирање на парични средства преку јавен повик за купување на удели, од сите заинтересирани вложувачи, во согласност со Законот за инвестициски фондови, Статутот и Проспектот на Фондот.

Со прибраните парични средства на Фондот управува Друштвото со цел остварување пораст на вредноста на поединечниот удел, преку управување со ризиците од вложување на средства во финансиски инструменти, според определена инвестициона политика на Фондот.

## 2. Основа за составување на финансиските извештаи

### 2.1. Основ за составување на финансиските извештаи

Друштвото ги има изготвено финансиските извештаи на Фондот во согласност со барањата на Законот за инвестициски фондови и Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба за годината која завршува на 31 декември 2025 и 2024 година. Податоци во финансиските извештаи се дадени во македонски денари (МКД), освен ако не е поинаку наведено. Споредбени податоци се презентирани во овие финансиски извештаи.

### 2.2. Проценка на објективна вредност

Во согласност со МСФИ 13 – Мерење на објективната вредност, објективната вредност се дефинира како цената која би била добиена за продажба на средство или која би била платена за пренос на обврска во уредна трансакција помеѓу учесници на пазарот на датумот на мерење.

Објективната вредност на финансиските средства и обврски на Друштвото е приближна на нивната сметководствена вредност, имајќи предвид дека поголемиот дел од истите имаат краток рок на доспевање, кој вообичаено не надминува една година од датумот на билансот на состојба.

## 2. Основа за составување на финансиските извештаи (Продолжение)

Исклучок од ова се долгорочните финансиски инструменти и вложувањата кои се мерат според објективна вредност, за кои објективната вредност се утврдува врз основа на котирани цени на активен пазар или, доколку такви цени не се достапни, со примена на соодветни техники за вреднување кои ја максимираат употребата на јасни инпути и ја минимизираат употребата на нејасни инпути, во согласност со МСФИ 13.

### 2.3. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, со исклучок на вложувањата во хартии од вредност кои се вреднуваат според нивната објективна вредност.

## 3. Основни сметководствени политики и проценки

### 3.1. Парични средства

Паричните средства се водат според нивната номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, парите се состојат од парични средства во домашна валута на сметки во комерцијални банки. Паричните средства на сметки во стрнаска валута дневно се вреднуваат според средниот курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на нивното вреднување.

### 3.2. Вложувања

Во согласност со МСС 39, сите вложувања односно финанасиски средства се класифицираат во четири категории:

- Финансиски средства кои се чуваат за тргување (мерени според објективна вредност преку билансот на успех);
- Финансиски средства расположливи за продажба;
- Заеми и побарувања и
- Вложувања кои се чуваат до доспевање;

Во текот на разгледуваниот период, Фондот има вложувања во финансиски средства кои се чуваат за тргување (мерени според објективна вредност преку билансот на успех).

Почетно, вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување се искажани по нивната набавна вредност, која што е објективна вредност на дадениот надоместок за истите. Трансакционите трошоци се вклучуваат во почетното мерење на финансиските средства.

Последователно, вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување се мерат според нивната објективна вредност, без било какво намалување за трансакционите трошоци кои може да се направат при нивната продажба или друго отуѓување, определена според последната просечна пазарна цена на Берзата за истите на датумот на билансот на состојба. Вложувањата во хартии од вредност за кои не постојат објективни вредности се признаваат по нивната набавна вредност намалени за евентуални загуби од оштетување.

**3. Основни сметководствени политики и проценки (Продолжение)**

**3.2. Вложувања (Продолжение)**

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување се признаваат во нето добивката или загубата за периодот во кој се јавува како нереализирани добивки и загуби од вложувања во хартии од вредност.

Вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување кои се изразени во странска валута се пресметуваат според средниот курс на валутата на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на вреднувањето. Објавените дивиденди од овие вложувања се вклучуваат како приходи од дивиденди.

Вложувањата кои се чуваат до доспевање се вреднуваат по нивната амортизирана набавна вредност со примена на ефективна каматна стапка. Добивка или загуба се признава во билансот на успех кога финансиското средства се депризнава или е оштетено, како и преку процесот на амортизација.

Купопродажбата на вложувањата во хартии се признава на датумот на тргувањето, што претставува датум кога Фондот се обврзал да го купи или продаде средството. Капиталните добивки или загуби од ваквите продажби се признаваат како реализирани приходи или расходи од купопродажба на хартии од вредност.

**3.3. Побарувања**

Побарувањата се евидентираат во моментот кога настанува право на Фондот за побарување на одредени износи на парични средства. Побарувањата ги опфаќаат побарувања за дивиденди, камати, продадени хартии од вредност а сеуште ненаплатени и сл.

**3.4. Деловни обврски**

Обврските на Фондот ги опфаќаат:

- Обврски за купување на вложувања во хартии од вредност;
- Обврски спрема друштвото за управување со фондови;
- Обврски спрема депозитарната банка и
- Други тековни обврски

Сите обврски се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

**3.5. Приходи**

Приходите од реализирани добивки од продажба на вложувања, приходи од камата, реализирани позитивни курсни разлики и приходи од дивиденди се признаваат во моментот на настанување на самата трансакција од која што произлегуваат.

Приходите од камати се признаваат онака како што се пресметуваат за периодот за кои се однесуваат истите.

**3. Основни сметководствени политики и проценки (Продолжение)**

**3.6. Расходи**

Расходите ги опфаќаат од реализираните загуби од продажба на вложувања, реализирани негативни курсни разлики, расходи од односи со друштвото за управување со фондови, надоместоци на депозитната банка и останати дозволени расходи на Фондот и се признаваат во моментот на настанување на самата трансакција од која што произлегуваат.

Расходите од односи со друштвото за управување со инвестициски фондови потекнуваат од надоместок во вид на управувачка провизија кој треба да го плати Фондот на Друштвото за управување со инвестициски фондови во висина од 2.5% годишно од нето вредноста на имотот на Фондот.

Расходот од надоместок на депозитарната банка потекнува од надоместок кој треба го плати Фондот на избраната депозитарна банка во висина од 0.35% годишно од вкупната вреднос на имотот на Фондот намалена за износот на обврските на Фондот врз основа на вложувањата во финансиски инструменти. Ваквиот надоместок се пресметува на дневна основа.

Расходите спрема Комисијата за хартии од вредност потекнуваат од надомест во висина од 0.12%, на годишно ниво од нето вредноста на имотот на Фондот со состојба на крајот од претходната година.

**3.7. Нереализирани добивки и загуби**

Зголемувањето или намалувањето на вредноста на вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување измерени по нивната објективна вредност се искажува во билансот на успех односно Извештајот за добивки и загуби на Фондот како нереализирани добивки или загуби.

**3.8. Даноци**

Фондот претставува посебен имот без својство на правно лице, па според тоа не е и обврзник за даноци.

**3.9. Капитал**

Фондот нема својство на правно лице, со оглед дека е основан и управуван од Друштвото за управување со фондови кое има својство на правно лице и преставува акционерско друштво. Поради ова, Фондот нема капитал, туку има само нето вредност на неговиот имот кој преставува разлика помеѓу вредноста на вкупниот имот и вкупните обврски на Фондот.

Сопствениците на удели од Фондот имаат право на учество во добивката на Фондот кое го остваруваат преку откуп односно продажба на уделите, како разлика помеѓу влезната и излезната цена на уделот намалена за сите трошоци и надоместоци.

## 3. Основни сметководствени политики и проценки (Продолжение)

### 3.10. Нето вредност на имотот на Фондот

Пресметката на нето имотот на Фондот по удели се врши согласно Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на нето вредноста на имотот по удел или по акции во инвестицискиот фонд донесен од КХВ.

Нето вредноста на имотот на Фондот се пресметува врз основа на пазарната вредност на хартиите од вредност и депозитите во финансиските институции и другите имотни вредности на Фондот, со одземање на обврските на истиот ден. Движењето на вредноста на имотот на Фондот во текот на 2025 година е даден во белешката 14 - Преглед за движење на вредноста на нето имотот на Фондот.

Нето вредноста по удел е нето вредност на имотот на Фондот поделена со бројот на удели на Фондот на денот на вреднување. Нето вредноста по удел, вкупниот број на удели на инвестицискиот фонд, сите зголемувања и намалувања на бројот на удели се пресметуваат и изразуваат во четири децимални места. Минималната уплата за купување на удели изнесува 6,000 денари. Уделот на сопственикот му ги обезбедува следните права:

- Право на информираност;
- Право на учество во нето добивката на Фондот, кое се остварува со реинвестирање во Фондот, пропорционално на сите сопственици на удели во Фондот, согласно со Статутот и Проспектот;
- Право на продажба на удели од Фондот, односно обврска за откуп на удели;
- Право на исплата на дел од ликвидационата маса на Фондот.

## 3. Основни сметководствени политики и проценки (Продолжение)

### 3.11. Управување со ризици

Во текот на своето работење Фондот влегува во различни трансакции кои пред се се однесуваат на купување и продавање на хартии од вредност на различни организирани пазари на хартии од вредност, како и депонирање на парични средства во банки. Главните ризици на кои Фондот е изложен и политиките за управување со нив се следните:

### а) Валутен ризик

Фондот влегува во ограничен и мал број на трансакции во странска валута, кои произлегуваат од набавки на финансиски средства на странски или домашни пазари, при што истото се изложува на секојдневни промени на курсевите на странските валути.

Изложеноста на Фондот на девизните износи на средствата и обврските деноминирани до денари на 31 декември 2025 и 2024 година по валути е следната:

| | **Средства** | | **Обврски** | |
|---|---|---|---|---|
| | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** |
| ЕУР | 6,549,368 | 9,239,448 | - | - |
| БГН | 16,645,410 | 28,059,133 | - | - |
| други | 372,541 | 396,529 | - | - |
| | **23,567,319** | **37,695,110** | **-** | **-** |

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување за 10% на македонскиот денар во однос на странските валути. Анализата е направена на девизните салда на средствата и обврските на датумот на билансот на состојба. Позитивните износи се зголемувања на добивката, а негативните се намалувања на добивката за соодветниот период.

| | **Зголемувања за 10%** | | **Намалувања за 10%** | |
|---|---|---|---|---|
| | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** |
| ЕУР | 654,937 | 923,945 | (654,937) | (923,945) |
| БГН | 1,664,541 | 2,805,913 | (1,664,541) | (2,805,913) |
| Други | 37,254 | 39,653 | (37,254) | (39,653) |
| **Нето Ефект** | **2,356,732** | **3,769,511** | **(2,356,732)** | **(3,769,511)** |

### б) Кредитен ризик

Фондот е изложен на кредитен ризик во случај кога издавачите на хартии од вредност или банките депоненти нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Фондот има политика со цел да се намали кредитниот ризик преку диверзификација на вложувањата.

## 3. Основни сметководствени политики и проценки (Продолжение)

### 3.11. Управување со ризици

Изложеноста на кредитен ризик и структурата на вложувањата на средствата од имотот на Фондот се дадени во белешката за Структура на вложувања. Вложувањата во акции на домашни издавачи опфаќаат 34.86 % од имотот на Фондот, вложувањата во акции на странски издавачи опфаќаат 2.75% и странските корпоративни обврзници 34.49%.

### в) Каматен ризик

Фондот се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога вложува во должнички хартии од вредност и депозити во банки. Фондот нема значајни вложувања во вакви инструменти и поради тоа не е значајно изложен на каматен ризик.

Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик на крајот од годините е како што следува:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| *Некаматоносни:* | | |
| - Парични средства | - | - |
| - Останати побарувања | - | - |
| - Вложувања за тргување | 15,102,965 | 40,719,202 |
| | **15,102,965** | **40,719,202** |
| *Каматоносни со променлива камата:* | | |
| - Парични средства | 11,110,530 | 8,418,432 |
| - Побарувања | - | - |
| | **11,110,530** | **8,418,432** |
| *Каматоносни со фиксна камата:* | | |
| - Вложувања во обврзници (2% - 7% годишно) | 13,850,209 | 29,849,512 |
| | **13,850,209** | **29,849,512** |
| | **40,063,704** | **78,987,145** |
| **Финансиски обврски** | | |
| *Некаматоносни:* | | |
| - Обврски кон друштвото за управување | 101,466 | 163,684 |
| - Обврски кон депозитарна банка | 14,205 | 22,853 |
| - Останати обврски | 4,865 | 7,811 |
| | **120,537** | **194,348** |

## 3. Основни сметководствени политики и проценки (Продолжение)

### 3.11. Управување со ризици

#### г) Пазарен ризик

Пазарниот ризик произлегува од можноста за незадоволителен раст или пад на вредноста на вложувањата во хартии од вредност на Фондот. Со оглед дека најголем дел од имотот на Фондот се вложува во хартии од вредност постои зголемена можност за осцилации на пазарните цени на хартиите од вредност. Политика на Фондот е диверзификација на портфолиото во различни хартии од вредност.

Фондот нема концентрација на пазарен ризик поголем од 10% кај еден издавач на хартии од вредност.

#### д) Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик произлегува од можноста одредена хартија од вредност да не може да се продаде на пазарот поради недоволна побарувачка за истата. Политика на Фондот е вложување во ликвидни хартии од вредност за кои постои константна побарувачка на пазарот од хартии од вредност.

#### е) Објективна вредност

Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски е одредена на следниот начин:

- објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски со стандардни услови, со кои се тргува на активните ликвидни пазари, се одредува врз основа на котираните пазарни цени;
- објективната вредност на останатите финансиски средства и обврски (со исклучок на дериватите) се одредува во согласност со општо прифатените модели на вреднување кои се базираат на анализа на готовинските текови, со користење на цени од објавените тековни пазарни трансакции и понудени цени од деловните партнери за слични инструменти.

Сметководствена вредност во споредба со објективна вредност

Сметководствената вредност во споредба со објективната вредност за годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 31 декември 2024 е како што следува:

| Финансиски средства | 31 декември 2025<br>Сметковод. вредност | <br>Сметковод. вредност | 31 декември 2024<br>Објективна вредност | <br>Сметковод. вредност |
|---|---|---|---|---|
| Финансиски средства кои се чуваат за тргување | 29,953,174 | 29,953,174 | 70,568,713 | 70,568,713 |
| Побарувања од купувачи и др. побарувања | 89,680 | 89,680 | - | - |
| Пари и парични еквиваленти | 11,110,530 | 11,110,530 | 8,418,432 | 8,418,432 |
| **Вкупно** | **40,153,384** | **40,153,384** | **79,987,145** | **79,987,145** |

## е) Објективна вредност (Продолжение)

| Финансиски обврски | 31 декември 2025<br>Сметковод. вредност | <br>Сметковод. вредност | 31 декември 2024<br>Објективна вредност | <br>Сметковод. вредност |
|---|---|---|---|---|
| Обврски спрема друштво за управување | 101,466 | 101,466 | 163,684 | 163,684 |
| Обврски спрема депозитарна баннка | 14,205 | 14,205 | 22,853 | 22,853 |
| Обврски за трошоци на фондот | 4,865 | 4,865 | 7,811 | 7,811 |
| **Вкупно** | **120,537** | **120,537** | **194,348** | **194,348** |

### Претпоставки користени при одредувањето на објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски

За одредувањето на објективната вредност на финансиските инструменти кои имаат котирани цени на активни пазари, користени се цените на тие финансиски инструменти на последниот ден на тргување.

За одредувањето на објективната вредност на финансиските инструменти кои немаат активно тргување на секундарните пазари на капитал, користена е техниката на дисконтирани парични текови. При ваквата техника на вреднување се користат каматните стапки за финансиски инструменти со слични карактеристики, со цел да се добијат релевантни проценки на цените од тековните пазарни трансакции. Врз основа на извршеното вреднување утврдено е дека не постои значајно отстапување на нивната сметководствена вредност во однос на нивната објективна вредност.

### Финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност

Во следната табела се прикажани финансиските средства измерени според објективната вредност во билансот на состојба во согласност со хиерархијата на објективната вредност. Оваа хиерархија ги групира финансиски средства и обврски во три нивоа кои се базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства. Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

- Ниво 1: котирани цени (некорегирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;
- Ниво 2: останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- Ниво 3: влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот

Финансиските средства кои се евидентирани по објективна вредност во Извештајот за финансиската позиција се групирани според нивото на хиерархија на објективната вредност како што следи:

### е) Објективна вредност (Продолжение)

| **2025 година** | Ниво 1 | Ниво 2 | Ниво 3 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Средства** | | | | |
| Финансиски вложувања за тргување | 28,953,174 | - | - | 28,853,174 |

| **2024 година** | Ниво 1 | Ниво 2 | Ниво 3 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Средства** | | | | |
| Финансиски вложувања за тргување | 70,568,713 | - | - | 70,568,713 |

Финансиските вложувања за тргување се состојат од вложувања во обични акции од домашни и странски издавачи. Евидентирани се по нивната објективна вредност врз основа на нивната пазарна цена на датумот на известување.

***5. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПО УДЕЛИ НА ФОНДОТ ВО ТЕК НА ПЕРИОДОТ 01.01.2025 - 31.12.2025***

***Отворен инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС БАЛАНСИРАН***

| Ознака на позицијата | Сметка | Позиција | Претход. период (2024) | Тековен период (2025) |
|---|---|---|---|---|
| | | **ВРЕДНОСТ НА НЕТО ИМОТОТ НА ФОНДОТ ПО УДЕЛИ НА ПОЧЕТОКОТ НА ПЕРИОДОТ** | | |
| 1 | | Нето имот на фондот на почетокот на периодот | 63.872.428 | 78.792.797 |
| 2 | | Број на удели на почетокот на периодот | 1.758.365,2039 | 1.758.799,4961 |
| **А** | **1/2** | **Вредност на нето имотот на фондот по удели на почеток на периодот** | **36,3249** | **44,7992** |
| | | **ВРЕДНОСТ НА НЕТО ИМОТОТ НА ФОНДОТ ПО УДЕЛИ НА КРАЈОТ НА ПЕРИОДОТ** | | |
| 3 | | Нето имот на фондот на крајот на периодот | 78.792.797 | 40.032.847 |
| 4 | | Број на удели на крајот на периодот | 1.758.799,4961 | 902.607,5480 |
| **Б** | **3/4** | **Вредност на нето имотот на фондот по удели на крајот на периодот** | **44,7992** | **44,3524** |
| **Ц** | | **Додатни показатели и податоци** | | |
| 5 | | Однос трошоци и просечен нето имот на фондот | 2,63% | 2,64% |
| 6 | | Однос на нето добивка од вложувања и просечен нето имот на фондот | -0,15% | 0,38% |
| 7 | | Принос на инвестицискиот фонд | 3,17% | -1,00% |

***6. ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРУКТУРАТА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ НА ДЕН 31.12.2025***

***Отворен инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС БАЛАНСИРАН***

| Позиција | Број на акции | Трошок за стекнување на акциите во МКД | Вкупен трошок за набавка во МКД | Вредност на датум на извештај во МКД | Вредност по акција | Учество кај издавачот ( % ) | Учество во имотот на фондот ( % ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| **А.АКЦИИ** | | | **15.657.613** | **15.102.965** | | | **34,26%** |
| | | | | | | | |
| **1. Акции од домашни издавачи** | | | **14.602.227** | **13.998.019** | | | **31,51%** |
| | | | | | | | |
| **Обични акции** | | | **14.602.227** | **13.998.019** | | | **31,51%** |
| | | | | | | | |
| Ком.банка | 70 | 28.440 | 1.990.868 | 1.949.147 | 27.845 | 0,0031% | 4,85% |
| Ст.б. Скопје | 514 | 2.973 | 1.528.630 | 1.347.502 | 2.622 | 0,0029% | й |
| ТТК Скопје | 828 | 1.950 | 1.614.600 | 1.366.200 | 1.650 | 0,0801% | 3,40% |
| Уни банка | 245 | 7.093 | 1.731.404 | 1.805.748 | 7.370 | 0,0449% | 4,50% |
| Макпетрол | 17 | 92.789 | 1.577.530 | 1.887.000 | 111.000 | 0,0151% | 4,70% |
| Гранит | 1.070 | 1.859 | 1.989.130 | 1.679.932 | 1.570 | 0,0348% | 4,18% |
| Алкалоид | 60 | 28.250 | 1.695.000 | 1.499.797 | 24.997 | 0,0042% | 3,74% |
| Тетекс ад Тетово | 267 | 2.839 | 757.906 | 608.573 | 2.279 | 0,0645% | 1,52% |
| Техничка контрола | 837 | 572 | 478.599 | 539.430 | 644 | 0,3978% | 1,34% |
| Телеком | 1.339 | 400 | 535.600 | 615.940 | 460 | 0,0014% | 1,53% |
| Реплек | 43 | 16.395 | 702.960 | 698.750 | 16.250 | 1,6600% | 1,74% |
| | | **0** | **0** | **0** | | | **0,00%** |
| | | | | | | | 0,00% |
| **Акции во инвестициони фондови** | | **0** | **0** | **0** | | | **0,00%** |
| | | | | | | | 0,00% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2. Акции од странски издавачи** | | **0** | **1.055.386** | **1.104.946** | | | **2,75%** |
| | | | | | | | |
| **Обични акции** | | | **1.055.386** | **1.104.946** | | | **2,75%** |
| Нафтена Индустрија Србије а.д. Нови Сад | 1.000 | 397 | 396.529 | 372.540,76 | 373 | 0,0006% | 0,93% |
| Црногорски Телеком АД Подгорица | 1.700 | 133 | 226.855 | 240.445,45 | 141 | 0,0036% | 0,60% |
| Југопетрол А.Д. Котор Црна Гора | 500 | 864 | 432.002 | 491.960,00 | 984 | 0,0107% | 1,23% |
| **Приоритетни акции** | | **0** | **0** | **0** | | | **0,00%** |
| | | | | | | | 0,00% |
| **Акции во инвестициони фондови** | | **0** | **0** | **0** | | | **0,00%** |
| | | | | | | | 0,00% |
| **Б.ОБВРЗНИЦИ** | | **0** | **13.813.663** | **13.850.209** | | | **34,49%** |
| | | | | | | | |
| **1. Обврзници од домашни издавачи** | | **0** | **0** | **0** | | | **0,00%** |
| | | | | | | | |
| **Државни обврзници** | | **0** | **0** | **0** | | | **0,00%** |
| | | | | | | | |
| **Обврзници на локална самоуправа** | | **0** | **0** | **0** | | | **0,00%** |
| | | | | | | | |
| **Обврзници од трговски друштва** | | **0** | **0** | **0** | | | **0,00%** |
| | | | | | | | |
| **2. Обврзници од странски издавачи** | | **0** | **13.813.663** | **13.850.209** | | | **34,49%** |
| | | | | | | | |
| **Државни обврзници** | | **0** | **0** | **0** | | | **0,00%** |
| | | | | | | | |
| **Обврзници на локална самоуправа** | | **0** | **0** | **0** | | | **0,00%** |
| | | | | | | | |
| **Обврзници од трговски друштва** | | | **13.813.663** | **13.850.209** | | | **34,49%** |
| БГ2100001119 | 31,00 | 34.530 | 1.070.430 | 1.081.442 | 34.885 | 0,7750% | 2,69% |
